MQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

# ОПШТИНА ШТИП

Сектор за инспекциски надзор,
Одделение за друг вид на надзор од надлежност на општината – главен инспектор

***ИП1број 24-87***
***од 4.3.2026 година***

**Записник за извршен вонреден инспекциски надзор**

Инспекцискиот надзор е отпочнат на ден 2.3.2026 година со почеток во 7:55 часот.

На .2.2026 година од страна на Општина Штип, Сектор за инспекциски надзор, Одделение за друг вид на надзор од надлежност на општината – главен инспектор, преку Лазар Хаџи-Николов, општински комунален инспектор со службена значка и легитимација со број 33-0011, изврши инспекциски надозор над работењето на [redacted] од Штип, со адреса на живеење на ул.[redacted] во Штип и ЕМБГ [redacted].

Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на Наредба бр.09-488/6 од 2.3.2026 година на градоначалникот на Општина Штип, со цел да се инспектира дали субјектот на надзор постапува согласно одредбата од член 33 став 1 алинеја 15 од Закон за за урбано зеленило („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/2020 и 224/2024), односно дали има паркирано или оставено возило на јавна зелена површина во нас. 8 Ноември (на дел од КП4461 КО Штип 3).

При инспекцискиот надзор се употребени листи за проверка: ДА **НЕ**

При редовниот инспекциски надзор инспекторот се легитимираше со службена значка и легитимација.

При инспекцискиот надзор е утврдена следната фактичка состојба (наод на фактичка состојба):
При увид на самото место се констатираше дека на јавна зелена површина во нас. 8 Ноември (на дел од КП4461 КО Штип 3) паркирано е патничко моторно возило сребрена боја од брендот Volkswagen со регистарски ознаки [redacted] На ветробранското стакло возилото има истакнато телефонски број [redacted]“.

Од страна на инспекторот на ден 2.3.2026 година во 8:15 ч. направен е обид да се исконтактира телефонски корисникот на бројот [redacted] на што аудио автоматизирана порака одговори дека претплатникот не е достапен.

На ден 3.3.2026 година во 11:49 часот од телефонски број [redacted] инспекторот направи обид за воспоставување на телефонска врска со бр. [redacted] по што врската се воспостави и корисникот на овој телефонски број во телефонскиот разговор потврди дека се вика [redacted] и дека е сопственик на патничко моторно возило Volkswagen со регистарски ознаки [redacted] кое е паркирано на јавна зелена површина во нас. 8 Ноември (на дел од КП4461 КО Штип 3).

# ОПШТИНА ШТИП

Во телефонскиот разговор, од страна на инспекторот, лицето [redacted] [redacted] (сега веќе субјект на надзор) беше поканет во работните простории на инспекторот да се јави со документ за идентификација со цел да даде изјава околу околности битни за донесување на соодветен инспекциски акт во оваа инспекциска постапка.

Субјектот на [redacted] [redacted] на ден 4.3.2026 година на увид на инспекторот достави лична карта со бр.[redacted] од каде се утврди неговиот идентитет, по што субјектот на надзор истакна дека предметното возило поради неисправност го има оставено на предметната локација по што беше опоменат дека на јавни зелени површини е забрането паркирање и оставање на било какви возила, а исто така на јавни површини се забранува поставување на подвижни предмети согласно член 14 став 1 алинеја 11 од Законот за јавна чистота.

При надзорот на самото место присутно беше лицето Борче Везенков, Општински комунален инспектор, раководител на одделение.

При инспекцискиот надзор се констатирани следните неправилности:

Субјектот на надзор [redacted], на јавна зелена површина во нас. 8 Ноември (на дел од КП4461 КО Штип 3) паркирал моторно возило Volkswagen со регистарски ознаки [redacted] [redacted] [redacted] со што сторил повреда на одредбата од член 33 став 1 алинеја 15 од Закон за за урбано зеленило („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/2020 и 224/2024).

Заради остварување на неправилностите ќе се изречат следните мерки:

Опомена со определување на рок за отстранување на констатирани те неправилности.

По завршувањето на инспекцискиот надзор записникот беше презентиран пред претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор: **ДА** НЕ.

Претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор ги даде следните забелешки во однос на наводите од записникот:

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

(датум, име, презиме, функција и потпис на претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор):

____________________________________________

Претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор одбива да го потпише записникот заради следните причини:

____________________________________________

Инспекцискиот надзор е завршен на ден 4.3.2026 година во 13:00 часот.

**ОПШТИНА ШТИП**

Прилози кон записникот:
- 1 фотографија од самото место.

Согласно член 65 став 2 од Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.135/2025 и 269/2025) примерок од овој записник се доставува на потпишување до субјектот на инспекцискиот надзор. Доколку во рок од осум дена од денот на приемот на записникот, субјектот на инспекциски надзор не се произнесе во однос на доставениот записник или не го врати потпишан, се смета дека се согласува со неговата содржина.

Согласно став 3 од истиот член и закон поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, не беше можно да се состави записник на местото на вршење на инспекцискиот надзор, па поради тоа записникот се состави во службените простории на инспекцијата во рок од три дена од денот на завршувањето на инспекцискиот надзор.

**м-р Лазар Хаџи-Николов,**
**советник комунален инспектор при Општина Штип**
**број на службена значка и легитимација 03-0011**



ОПШТИНА ШТИП

MQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

Сектор за инспекциски надзор,
Одделение за друг вид на надзор од надлежност на општината – главен инспектор

*ИП1број 24-87*
*од 16.3.2026 година*

**Записник за извршен контролен инспекциски надзор**

Инспекцискиот надзор е отпочнат на ден 16.3.2026 година со почеток во 10:55 часот.

На ден 16.3.2026 година од страна на Општина Штип, Сектор за инспекциски надзор, Одделение за друг вид на надзор од надлежност на општината – главен инспектор, преку Лазар Хаџи-Николов, општински комунален инспектор со службена значка и легитимација со број 33-0011, изврши инспекциски надозор над работењето на [redacted] Штип, со адреса на живеење на [redacted] во Штип и ЕМБГ [redacted].

Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на Наредба бр.09-488/6 од 2.3.2026 година на градоначалникот на Општина Штип, со цел да се инспектира дали субјектот на надзор постапува согласно одредбата од член 33 став 1 алинеја 15 од Закон за за урбано зеленило („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/2020 и 224/2024), односно дали има паркирано или оставено возило на јавна зелена површина во нас. 8 Ноември (на дел од КП4461 КО Штип 3).

При инспекцискиот надзор се употребени листи за проверка: ДА **НЕ**

При контролен инспекциски надзор инспекторот се легитимираше со службена значка и легитимација.

При инспекцискиот надзор е утврдена следната фактичка состојба (наод на фактичка состојба):

При рутинска конторла во реонот на населба 8. Ноември, при увид на самото место се констатираше дека од јавната зелена површина во нас. 8 Ноември (на дел од КП 4461 КО Штип 3) паркираното патничко моторно возило сребрена боја од брендот Volkswagen со регистарски ознаки [redacted] е отстрането, односно субјектот на надзор ги отстранил констатираните неправилности од Записникот ИП1бр.24-87 од 4.3.2026 година. Неправилностите се отстранети пред истекот на рокот од 8 дена предвиден согласно член 65 став 2 ЗИН во кој субјетот на надзор има можност да се произнесе по содржината на записникот, а пред донесување на инспекциски акт за изрекување на инспекцика мерка – опомена.

При надзорот на самото место присутно беше лицето Борче Везенков, Општински комунален инспектор, раководител на одделение.

При инспекцискиот надзор се констатирани следните неправилности:

- Не се констатирани неправилности, односно неправилности од Записникот ИП1бр.24-87 од 4.3.2026 година се отстранети.

Заради остварување на неправилностите ќе се изречат следните мерки:

/

Поради ова, врз основа на член 68 став 4 од Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/2025 и 269/2025) постапката **СЕ ЗАПИРА .**

По завршувањето на инспекцискиот надзор записникот беше презентиран пред претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор: **ДА** НЕ.

Претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор ги даде следните забелешки во однос на наводите од записникот:

(датум, име, презиме, функција и потпис на претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор):

Претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор одбива да го потпише записникот заради следните причини:

Инспекцискиот надзор е завршен на ден 16.3.2026 година во 11:30 часот.

Прилози кон записникот:

- /

Согласно член 65 став 2 од Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.135/2025 и 269/2025) примерок од овој записник се доставува на потпишување до субјектот на инспекцискиот надзор. Доколку во рок од осум дена од денот на приемот на записникот, субјектот на инспекциски надзор не се произнесе во однос на доставениот записник или не го врати потпишан, се смета дека се согласува со неговата содржина.

Согласно став 3 од истиот член и закон поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, не беше можно да се состави записник на местото на вршење на инспекцискиот надзор, па поради тоа записникот се состави во службените простории на инспекцијата во рок од три дена од денот на завршувањето на инспекцискиот надзор.

**м-р Лазар Хаџи-Николов,**
**советник комунален инспектор при Општина Штип**
**број на службена значка и легитимација 03-0011**